ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје
Ул. Браќа Чакреви бр.25А, Скопје
Тел.070/234-273 и 075/216-001
e-mail:centar@yahoo.com

Бр.02-10/2
01.11.2021 година
Скопје

# ЈАВЕН ПОВИК/ОГЛАС

Се известуваат сите заинтересирани кандидати за проследување на основна обука за медијатори дека Друштвото за интелектуални услуги ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје ќе спроведе основна обука за медијатори, според акредитирана програма за основна обука на медијатори, издадена од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

Согласно Измените и дополнувањето на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лица кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, донесени на седницата на Одборот одржана на 14.12.2020 година, обуката ќе се спреведе на хибриден начин, односно во услови на постоење на кризна или вонредна состојба (каква што во моментов имаме со пандемијата предизвикана од Covid-19) теоретската настава од основната обука за медијатори ќе се спроведе on-line, додека практичната настава ќе се спроведе со физичко присуство на кандидатите.

**Обуката ќе се одржи во Скопје во периодот од 04 до 23 декември 2021 година (конкретно на датумите 04,05,08,09,11,12,15,16,18,19,22 и 23 декември 2021 година)** Основната обука за медијатори ќе биде реализирана според акредитирана програма за овој вид на обуки што е предуслов за полагање на испитот за медијатори за стекнување на лиценца за вршење медијаторски работи.

Делот на обуката со физичко присуство ќе биде организирана и согласно Протоколот за организација на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари, донесен од страна на Владата на РС Македонија во услови на работење предизвикано од ковид-кризата.

ЦЕНТАРОТ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје, предавањата со физичко присуство на основната обука на медијатори **ќе ги реализира во Хотел Александар 2, ул. Васил Главинов бр.3, Центар, Скопје** по однапред утврден распоред на часови за изведување на теоретската и практична настава. Предавањата се поделени во теоретска и практична настава во времетраење од 70 часа согласно член 47 став 1 т.б од Законот за медијација. Практичната настава ќе биде одржана со физичко присуство.

Со измените во Законот за парнична постапка од јули 2015 година се воведе задолжителен обид за решавање на стопанските спорови кои се однесуваат на парични побарувања до 1.000.000 денари за кои е пропишано да се решаваат со поднесување на тужба пред надлежен суд. Оттука, освен поради промените во Законот за парнична постапка каде државата на тој начин дава поддршка и сака да ги растерети судовите а со тоа и да ги намали трошоците на компаниите во решавање на нивните спорови, медијацијата и поради карактеристиките кои ги има како брза, ефикасна и економична постапка, станува поатрактивна алатка за решавање на стопанските спорови и се проширува дијапазонот на работа на заинтересираните учесници во економијата кои сакаат преку полагање на испитот и исполнување на одредени критериуми пропишани во Законот за медијација и во Условите од Одборот, да вршат медијаторски работи. Медијацијата е се позастапена не само кај стопанските спорови кај кои постои законскиот задолжителен обид погоре наведен, туку од година во година е зголемен бројот на заинтересираните и правни и физички лица, своите спорови, кои се медијабилни, да ги решаваат по пат и со поддршка на овој начин на алтернативно решавање на споровите.

ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје
Ул. Браќа Чакреви бр.25А, Скопје
Тел.070/234-273 и 075/216-001
e-mail:centar@yahoo.com

Со овозможување на ваква акредитирана програма за следење на основна обука за медијатори, кандидатите нема да требаат повеќе да следат обуки во странство што беше случај во изминатиот период. Со проследување на основната обука за медијатори кандидатите се стекнуваат со право, исполнувајќи и други критериуми наведени во Законот за медијација), да го полагаат испитот за медијатори и да се стекнат со лиценца за медијатори во РМ.

*Обуката која ја организира Центарот за посредување и консалтиг ќе биде спроведена од лиценцираните медијатори и лиценцирани обучувачи на медијатори: д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска од Скопје, Глигор Јовевски од Скопје и м-р Милена Тадировиќ од Белград. Предавачите, обучувачи, се експерти во полето на медијација.*
***Д-р Јелисавета Георгиева Јовевска*** *е лиценциран медијатор и лиценциран обучувач на медијатори која во последните 4 години има направено повеќе од 40 предавања-обуки на темата за медијација посебно пред стопанственици и други заинтересирани учесници, опфаќајки бројка од над 900 учесници на предавањата. Георгиева Јовевска има искуство во решавање на спорови со медијација и потпишано повеќе спогодби за медијација. Д-р Георгиева Јовевска како управител на Центарот за посредување и консалтинг од Скопје-акредитирана компанија посебно за вршење основна обука за медијатори е и потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија. Автор е на повеќе изданија и од областа на алтернативното решавање на споровите со наслови: Моќта на арбитражата за алтернативно решавање на стопанските спорови; Медијација (промоција-афирмација-успех); Медијација како алтернативно решавање на стопанскте спорови.*
***Глигор Јовевски***- *лиценциран медијатор и лиценциран обучувач на медијатори од Скопје има направено повеќе предавања-обуки на темата за медијација пред стопанственици и други заинтересирани учесници. Јовевски има искуство во решавање на спорови со медијација и потпишано повеќе спогодби за медијација.*
***М-р Милена Тадировиќ*** *од Белград, со стекната лиценца за обучувач на медијатори и во нашата држава, според условите пропишани според нашиот Закон за медијација, е експерт по медијација со специјалистички постдипломски студии од областа на медијацијата има искуство од 15 години во медијација, автор е на 9 модули и обуки од областа на медијацијата, државен медијатор, консултант на Светска банка во областа медијацијата и стечајни постапки, автор и коавтор на многу прирачници од областа на медијацијата. Таа е директор на Центарот за конструктивно решавање на спорови од Белград, Република Србија, помошник на директор во поранешен Републички Центар за медијација, Република Србија, со акредитирани многу програми од Министерство за правда на Република Србија и Министерството за образование за подрачјето на медијацијата, над 13 години предавач на основна обука за медијатори и повеќе специјализирани обуки за медијатори со одржани над 100 обуки и опфатени над 1700 учесници меѓу кои и сегашни медијатори од Република Северна Македонија.*

Заинтересираните кандидати своето учество за обуката можат да го пријават со доставување на пополнета пријава до ЦЕНТАРОТ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје, на е-маил centar@yahoo.com или на адреса ул. Браќа Чакреви бр.25 А, Скопје. За дополнителни информации во врска со обуката можете да се обратите на следните телефони: 070/234-273 и 075/216-001.

Во прилог акредитација издадена од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата за спореведување на основната обука на медијатори и Образец пријава за учество на основната обука на медијатори.

Друштво за интелектуални услуги
ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје
Д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, Управител

Друштво за интелектуални услуги ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје